# ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ЗА НЕПРИЈАВЕНА РАБОТА

**Подготвил:**
**Злате Стојановски**

# Организација на инспекциските служби

- Државниот инспекторат за труд е орган во состав на Министерството за труд и социјална политика со својство на правно лице, со сопствена буџетска сметка.
- Со инспекторат раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија, во согласност со закон.
- Организацијата , надлежностите и постапката на инспекцискиот надзор на ДИТ се уредени со *Законот за инспекција на трудот* кој е усогласен со со Меѓународната конвенција за инспекцијата на трудот во областа на индустријата и трговијата и со *Законот за инспекциски надзор*.
- Според Уставот на Република Северна Македонија, работните односи се уредуваат со закон и колективен договор. Основен закон кој ги уредува односите меѓу работниците и работодавачите, кои се воспоставуваат со склучување на договор за вработување е ***Законот за работните односи***.
- Работните односи се доуредуваат со колетивни договори кои ги склучуваат социјалните партнери, односно репрезентативното здружение на работодавачите и репрезентативниот синдикат.

# КОЛЕКТИВНИ ДОГОВОРИ

## Општи на ниво на Република

се применуваат непосредно и се задолжителни за сите работодавачи

## Посебни на ниво на гранка односно оддел

се применуваат непосредно и се задолжителни за работодавачите кои се членови на здружениието кој е потписник на тој договор или кои дополнително му пристапиле на здружението.

Бројот на гранските колективни договори е многу мал, што претставува пречка за доуредување и зголемување на правата на работниците .

## Поединечни на ниво на работодавачи

Се во мал број, што се должи на слаба синдикална организираност на работниците и непостоење волја кај работодавачите за колективно договарање.

# Колективни договори

- Треба да се работи на обезбедување на услови за склучување на колективни договори на ниво на работодавачи со што многу повеќе ќе се обезбеди остварување на правата на работниците, затоа што со колективен договор можат да се определат права кои за работниците се поповолни од правата предвидени со закон.

# Обезбедување доследна примена на националното законодавство

## Државниот инспекторат за труд

-врши инспекциски надзор примената на законите другите прописи за рабо односи, вработување и зашт при работа и на колективн договори, договорите за раб и другите акти, со кои уредуваат и остваруваат прав обврските и одговорностите на работниците и работодавците во областа на работните односи, вработувањето и заштитата при работа, како и инспекциски надзор над вршењето на нерегистрираната дејност.

- Инсп труд на ц подр ја по тери држ

- Инспекторатот обезбедува единствено спроведување на прописите над чија промена врши надзор и на мерките кои се преземаат согласно со закон.

Инспсекциските надзори
се вр
Годи
рабо
за ра
план
инсп

Инспекциските надзори се вршат

и се
те

Во вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот е овластен во секое време на денот и ноќта да влезе во просториите на работодавачот, без претходна најава и без оглед на работното време на работодавачот.

# Непријавена работа

- Во Република Македонија како земја со висока стапка на невработеност (околу 20%), каде постои несразмерен однос помеѓу понудата и побарувачката на работна сила, непријавената работа односно работата на црно е доста присутна во сите гранки на стопанството. Оваа појава е посебно изразена во градежништвото, трговијата, угостителството и земјоделието како резултат на сезонскиот карактер на работата, структурата на работната сила, зависноста од временските прилики и друго.
- Неформалното работење е еден поширок поим кој опфаќа секоја непријавена работа, односно работење за кое не се плаќаат придонеси и даноци. Значи тоа не се само работници без договори за вработување, туку и неплатена прекувремена работа, неплатена работа на празник, на ден на неделен одмор и друго, неплатена работа во домаќинствата.

- <u>Непријавена работа</u>

Инспекциските надзори за непријавена работа, се сложени посапки и од инспекторот бараат посебни знаења, вештини и упорност за утврдување на фактичката состојба.

Прво што треба да направи инспекторот е да ги идентификува лицата затекнати на работа

Просторот на кој работат, условите , времетраењето на работата, неносењето на документи за идентификација често го отежнува идентификувањето на работниците.

# Непријавена работа

- Поради големиот број на непријавени работници кај работодавачите, Законот за работните односи досега неколку пати се менуваше во делот на управни и казнени мерки со цел за спречување на оваа негативна појава.
- Законот за работните односи донесен 2005 година предвидуваше, ако инспекторот на трудот на работа кај работодавачот затекне лице со кое не е заснован работен однос согласно законот, да донесе решение со кое се забранува работата на работодавачот до отстранување на утврдените неправилности односно до заснавањето работен однос согласно законот со затеченото лице.
- Во овој период инспекторите на трудот годишно откриваа голем број на непријавени работници, меѓутоа по донесените решенија за забрана на работата работодавачите веднаш ги пријавуваа во работен однос затечените работници и забраната за работа престануваше да важи.

# Непријавена работа

- За сторениот прекршок инспекторите поднесуваа барање  за поведување на прекршочна постапка до судовите за прекршоци.
- Поголемиот број на  поднесените барања судовите не ги решаваа на време и ја запираа постапката поради настанување на застареност. По останатите барања на сторителите им беа изрекувани прекршочни опомени или ниски парични казни. Овие мерки не придонесуваа за решавање на проблемот со непријавените работници, туку работодавачите се охрабруваа и понатаму да го кршат законот.

# Непријавена работа

- Затечените непријавени работници по известување од Инспекцијата на трудот, беа бришани од евиденцијата на Агенцијата за вработување и им се ускратуваа правата по основ на невработеност и социјална заштита. Поради тоа овие лица го отежнуваа инспекцискиот надзор со криење при контролата, одбегнување да се идентификуваат или со давање на неточни податоци.

Со цел да се надмине негативната состојба со непријавените работници во декември 2008 година извршени се измени и дополнувања на Законот за работните односи со кои значително се заостРуваат казнените и управните мерки. Според овие измени, ако инспекторот на трудот затекне на работа лице со кое не е заснован работен однос согласно законот донесува решение за забрана на работата на работодавачот од 30 дена. За сторениот прекршок беше пропишана глоба во висина од 15.000 евра во денарска противвредност за правното лице и 7.000 евра во денарска противвредност за одговорното лице.

# Непријавена работа

- Новина во Законот е и тоа што прекршочната постапка од судот премина во надлежност на прекршочната комисија во состав на Министерството за труд и социјална политика.
- Првите месеци од 2009 година инспекторите делуваа информативно и едукативно, со цел работодавачите да се запознаат со измените на законот и предвидените мерки.
- За таа цел инспекторатот изготви брошури со измените и дополнувањата на законот кои беа дистрибуирани до сите регистрирани работодавачи.

# Непријавена работа

- Интензивните инспекциски надзори и преземањето мерки согласно законот во текот на 2009 и 2010 година придонесоа за намалувањето на бројот на непријавените работници.

**Овие мерки колку и да беа ефикасни имаа свои негативни страни:**

-забранaтa за работа од 30 дена не предвидуваше пријавување на затечените лица во работен однос, односно нивните вработување

-во тие 30 дена забраната за работа пријавените работници не остварува право од работен однос

- поради забраната за работа и неможноста да ја платат високата казна некои работодавачи , престануваа со работа

- непријавените лица беа бришани од евиденциајта на невработени во Агенцијата за вработување, поради што ги одбегнуваа инспекциските надзори.

# Непријавена работа

- Поради тоа во Септември 2010 години беа извршени измени на Законот за работните односи кои предвидуваат, ако инспекторот затекне на работа кај работодавачот лице со кое не е заснован работен однос согласно законот, со решение ќе му се нареди во рок од 15 дена да заснова работен однос со затеченото или друго лице на неопределено време и да му се исплати надомест во висина од три просечни  исплатени бруто плати во Републиката.

# Непријавена работа

- Ако работодавачот не постапи по решението, инспекторот ке ја забрани работата на работодавачот, до исполнување на наредбата од решението.
- Одредени работодавачи со цел да го избегнат извршувањето на решението ја затвораат фирмата на која се однесува решението и продолжуваат со работа со нова фирма .
- Имаше појава каде работодавачот ги исплатуваа трите бруто плати а по тоа ги присилуваа работниците да им ги вратат парите .
- Со овие измени на законот намалена беше и висината на глобите и изнесуваше од 6000 до 7000 евра во денарска противвредност за правното лице и 3000 до 4000 евра во денарска противвредност за одговорното лице.

# Непријавена работа

- За поголема ефикасност во спречувањето на непријавената работа законодавецот бараше нови поефикасни решенија така со измените и дополнувањаната на Законот за работните односи од 2015 година кои и сега се применуваат е предвидено, ако инспекторот на трудот затекне на работа кај работодавачот лице со кое не е заснован работен однос согласно закон, со решение ке му нареди на работодавачот во рок од 8 дена со затеченото лице или со друго лице, без јавен оглас да заснова работен однос на неопределено време и во наредните три месеци да не го намали вкупниот број на вработени.

# Непријавена работа

- Истовремено инспекторот на работодавачот му дава предлог за порамнување со издавање на прекршочен платен налог.
- Ако работодавачот не го прифати прекршочниот налог инспкеторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок за кој е предвидена глоба во висина од 7000 евра во денарска противвредност.
- Ако работодавачот го повтори истиот прекршок во рок од 1 година, инспекторот на трудот со решение ќе ја забрани работата на работодавачот во траење од 30 дена и ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.

# Непријавена работа

- За справување со непријавената работа придонесува и Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност кој се применува од 2015 година. Овој закон се однесува на сите правни и физички лица кои вршаат дејност за која не се регистрирани во трговскиот регистар или во посебните регистри кои се водат за одредени дејности во согласност со закон.
- С овој закон за прв пат се санкционира и соучесништвото при што  како соучесник се смета секој кој нарачува, посредува или стимулира вршење на нерегистрирана дејност.
- Во развојот и ширењето на нерегистрираната дејнот важна дејност игра и рекламирањето преку огласување, поради што законот посебно го санкционира огласувањето на услугите од нерегистрирана дејност.

# Непријавена работа

- Со мерките кои се преземаат последните години поставени се основните предуслови за намалување на непријавената работа како што се активните мерки за вработување, намалување на придонесите, финансиска помош на работодавачите, олеснување на постапката за регистрирање на фирма, флексибилно трудово законодавство кое предвидува работа на определено време, пробна работа, неполно работно време, сезонско вработување, вршење на работа дома и др.
- Законските мерки за стимулирање на вработувањата придонесоа за намалувањето на бројот на невработените и менување на односот меѓу понудата и побарувачката на работната сила.

Со интензивни инспекциски надзори и преземање на законски мерки од страна на инспекцијата на трудот и со редовни информативни кампањи за подигање на свеста на работодавачите и работниците, се оди во правец на подобрување на состојбата со непријавените работници.

# ВИ БЛАГОДАРАМ НА ВНИМАНЕТО

